Врз основа Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото на 09.03.2016 година го донесе следниот :

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА СУДОТ НА ЧЕСТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуват надлежносите на Судот на честа, начинот на поведување постапка, кворум, донесување одлуки, разрешување на член на Судот на честа и други прашања поврзани со работата на Судот.

Член 2

Судот на честа не е кривичен Суд и во постапката пред Судот на честа не се применуваат одредбите од Законот за кривична постапка, туку постапката пропишана во овој правилник согласно Статутот на Друштвото.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДОТ НА ЧЕСТА

Член 3

Судот на честа брои 5 членови кои ги избира Собранието од редот на редовните членови на Друштвото.

Членовите на Судот од својот ред избираат Претседател.

Мандатот на членовите на Судот на честа е 4 години, со можност за повторен избор.

Член 4

Член на Судот на честа не може да биде земен на лична одговорност ниту може да одговара за мислење изнесено во рамки на вршењето на својата работа, освен во случај ако се утврди дека работи спротивно Статутот и на штета на Друштвото.

III.НАДЛЕЖНОСТИ НА СУДОТ НА ЧЕСТА

Член 5

Судот на честа ги има следните надлежности :

- Консултативни надлежности со цел развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи, деловниот морал и етичкото однесување на членовите;
- Решавање на спорови настанати меѓу членовите на Друштвото;
- Решавање на спорови настанати меѓу членовите на Друштвото и Друштвото;
- Да утврди повреда на одредбите на Статутот.

Член 6

Судот на честа поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Друштвото.

IV.ПОСТАПКА ПРЕД СУДОТ НА ЧЕСТА

IV.1.КВОРУМ

Член 7

Судот на честа расправа и одлучува на седница во полн состав.

Судот на честа одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба од статутот.

Секој член на Судот на честа има еден глас при одлучување на седниците.

Член 8

Доколку не постои можност Судот на честа да расправа во полн состав, седницата се одлага за следниот најбрз можен рок.

IV.2. ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

Член 9

Постапка пред Судот на честа може да поведе Претседателот на Собранието, Претседателот на Управиот одбор, Претседателот на Надзорниот одбор, Претседателот на Судот на честа и најмалку 3 членови на Друштвото.

Член 10

Постапка пред Судот на честа се поведува со Барање во која се наведени причините за барањето и доказите кои ги покрепуваат наведените причини.

Член 11

Судот на честа лично го известува членот за кој се однесува Барањето.

Членот против која е поднесено Барањето има право да достави Одговор на барањето заедно со сите наводи кои го побиваат Барањето.

Член 12

Судот на честа има право да прибави дополнителни документи кои се од интерес на утврдување на фактичката состојба.

Член 13

Врз основа на прибавените документи, доказите и наводите Судот на честа донесува одлука за поведување на постапка или за побивање на Барањето со што ги наведува причините поради кои го побива Барањето и го доставува до инволвираните страни.

Член 14

Судот на честа ја поведува постапката најдоцна 30 (триесет) дена од денот на известување на членкот за кој се однесува Барањето.

Член 15

Судот на честа за поведената постапка ги известува лицата кои ја иницирале како и инволвираните страни.

Ако лицата кои се уредно поканети не дојдат, и не го оправдаат своето отсуство, Судот на честа ќе ја одржи расправата без нивно присуство.

Постапките на Судот на честа не се јавни со цел заштита на угледот и достоинството на членовите.

Постапките на Судот на честа се итни и од доверлив карактер.

Член 16

На расправата ќе се изведат доказите предложени од подносителот на барањето,членката, како и доказите кои ги прибавила Комисијата.

Членката има право да се произнесе по сите докази изведени од расправата.

Член 17

За постапката пред Судот на честа се води Записник во кој се наведува датум и време на одржување на расправата; записничарот; членовите на Судот на честа и присутните лица, предметот на расправа, изјавите на подносителот на барањето, изјавата на членката и доказите што се изведени.

Записникот го потпишуваат присутните лица на расправата.

Член 18

Во постапките поведени пред Судот на честа за решавање на спорови меѓу членовите и решавање на спорови меѓу членовите и Друштвото, Судот на честа има улога на медијатор, освен ако споровите настанале поради повреда на одредбите на Статутот и штета на Друштвото.

IV.3.ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА

Член 19

Судот на честа во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на расправата составува извештај за поведената постапка и констатираната состојба и дава предлог на Управниот одбор да донесе одлука :

- За запирање на постапката;
- За опомена на член;

и до Собранието за донесување на одлука за

- Исклучување на член од Друштвото.

Член 20

Извештајот се изготвува во писмена форма во рок од 5 (пет) дена од денот на донесување.

Извештајот го потпишува Претседателот и сите членови на Судот на честа.

Примерок од извештајот се доставува до инволвираните страни на постапката.

Член 21

Извештајот задолжително треба да содржи: назив на Судот, состав на судот, податоци за учесниците во постапката, предмет на постапката, денот на расправа, ден на донесување на предлог на одлука од Судот на честа, ден на донесување на извештајот и образложение.

Член 22

Против одлуката на Управниот одбор може да се поднесе жалба до Собранието на Друштвото, во рок од 8 дена од денот на донесување на одлуката.

Одлуката на Собранието е конечна без можност за жалба.

V. РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СУДОТ НА ЧЕСТА

Член 23

Член на Судот на честа може да биде разрешен од својата функција и пред истекот на периодот за кој е именуван и тоа :

- по сопствено барање;
- промена на професија;
- поради смрт или трајна спреченост;
- несоодветно извршување на поставените обврски;
- непридржување кон одлуките на органите и Статутот;
- одлука за разрешување донесена од Собраниетои
- престанок на Друштвото.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

Член 25

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на Собранието,

Роберт Наскоv